Врз основа на член 60 став (1) точка 30 и член 62 од Статутот на Бизнис академија Смилевски – БАС Битола, Органот на основачи на Бизнис академија Смилевски – БАС на 07.03.2025 година, го донесува следниот

# ПРАВИЛНИК
## за организирање и спроведување на научни конференции во Бизнис академија Смилевски – БАС Битола

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Правилник се уредуваат начинот, постапката, надлежностите и одговорностите при организирањето и спроведувањето на научни конференции во БАС.
(2) Организирањето и спроведувањето на научните конференции се врши во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Бизнис академија Смилевски – БАС Битола и другите општи акти на БАС.
(3) Активностите поврзани со организирањето и спроведувањето на научните конференции се документираат и архивираат согласно прописите и интерните акти на БАС.

**Член 2**

Научните конференции се организираат согласно начелата на академска слобода, научен интегритет, транспарентност, еднаков третман на учесниците и обезбедување квалитет.

**Член 3**

Цел на овој правилник е да обезбеди јасна, уредена и проверлива постапка за организирање и спроведување на научни конференции, како и за објавување на научните трудови презентирани на конференциите.

## II.ЦЕЛИ НА КОНФЕРЕНЦИИТЕ

**Член 4**

Целите на научните конференции организирани од БАС се:
• унапредување на научниот дијалог;
• развој на меѓународна соработка;
• афирмација на научно-истражувачката и применувачката дејност;
• поддршка на институционалниот развој;
• зголемување на видливоста и достапноста на научните трудови;
•примена на принципите на одржливост, еднаквост, недискриминација, транспарентност и етичко работење во организацијата и спроведувањето на конференциите.

**III. ПОВИК И ПРИЈАВУВАЊЕ**

**Член 5**

Повикот за учество задолжително содржи: тема на конференцијата, тематски области или секции, рокови, работни јазици, услови за учество и публикација, етички правила, формат на трудовите, вид на учество и висина на котизација.

**IV. ИНИЦИРАЊЕ И ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ**

**Член 6**

Иницијатива за организирање научна конференција може да поднесе наставник, организациска единица или работно тело на БАС, со предлог за тема, цели, програмска рамка, рокови и состав на органите на конференцијата.

**Член 7**

Одлука за организирање научна конференција донесува Наставничкиот совет на БАС, врз основа на предлогот од член 6 на овој Правилник.

**V. ОРГАНИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА**

**Член 8**

Научниот одбор е тело на конференцијата надлежно за обезбедување на научниот квалитет на конференцијата.

Научниот одбор ги има следниве надлежности:

- ја утврдува научната програма и тематските области на конференцијата;
- именува рецензенти;
- ја организира и спроведува постапката на двојно анонимна рецензија на трудовите;
- донесува одлуки за прифаќање, прифаќање со корекции или одбивање на трудовите;
- предлага пленарни говорници.

**Член 9**

Организацискиот одбор е тело надлежно за организација и техничка реализација на конференцијата. Организацискиот одбор ги има следниве надлежности :

- ја координира организацијата на конференцијата;
- обезбедува логистичка и техничка поддршка;
- ја организира комуникацијата со учесниците;
- врши административна обработка на пријавите и трудовите;
- изготвува и издава документи поврзани со конференцијата;
- обезбедува административна поддршка на постапката на рецензија.

**Член 10**

Надзор над примената на овој правилник врши Наставничкиот совет на БАС.

## VI. РЕЦЕНЗЕНТСКИ ПРОЦЕС И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ

**Член 11**

(1) Рецензентскиот процес го води Научниот одбор.
(2) Научниот одбор е одговорен за научниот квалитет и интегритетот на рецензентскиот процес.
(3) Организацискиот одбор нема надлежност да врши научна оценка или да донесува одлуки во врска со трудовите.

**Член 12**

(1) Секој труд се оценува од најмалку два рецензенти.
(2) Конечната одлука за прифаќање, прифаќање со корекции или одбивање на трудот ја донесува Научниот одбор.

**Член 13**

(1) Организацискиот одбор врши прием и административна обработка на трудовите, без увид во содржината на трудовите во фаза на рецензија
(2) Научниот одбор ги распределува трудовите на рецензенти и ја спроведува нивната научна оценка.
(3) Организацискиот одбор ги известува авторите за одлуките донесени од Научниот одбор.
(4) Научниот одбор е единствено надлежен за спроведување на рецензентскиот процес.

**Член 14**

(1) Секој труд подлежи на постапка на двојно анонимна рецензија.
(2) Идентитетот на авторите и рецензентите не се открива во текот на постапката.

**Член 15**

(1) Рецензентите ги именува Научниот одбор.
(2) Рецензент може да биде лице со научен степен доктор на науки или лице со соодветна научна или стручна експертиза, кое нема конфликт на интереси.
(3) Секој труд се доставува на најмалку два независни рецензенти.
(4) Во случај на спротивставени мислења, Научниот одбор може да назначи трет рецензент.

**Член 16**

(1) Критериумите за оценување на трудовите ги утврдува Научниот одбор и опфаќаат: оригиналност, релевантност, методологија, структура и научен придонес.
(2) Одлуките за трудовите се:
• прифатен без корекции;
• прифатен со корекции;
• одбиен.

## VII. ИНСТРУКЦИИ ЗА АВТОРИ – АНОНИМИЗАЦИЈА

**Член 17**

(1) Трудовите се доставуваат во анонимизирана форма до рецензентите.
(2) Во трудовите не се наведуваат имиња на автори, институции, благодарници или податоци за проекти.
(3) Дозволени се автоцитати, доколку се формулирани на начин што не го открива идентитетот на авторот.
(4) Секој труд се означува со код

## VIII. РЕЦЕНЗЕНТСКИ ФОРМУЛАР

**Член 18**

(1) Рецензентите користат стандарден формулар за оценување на трудовите.
(2) Формуларот содржи:
• квантитативно оценување (скала од 1 до 5);
• квалитативни коментари;
• конечна препорака.

## IX. ЕТИКА И КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

**Член 19**

(1) Во постапката се применуваат принципите на академски интегритет, доверливост и спречување на плагијат.
(2) Трудовите може да подлежат на проверка со соодветни алатки за откривање на плагијат.
(3) Рецензент кој има конфликт на интереси е должен да се изземе од постапката.

## X. АВТОРСКИ ПРАВА И ОТВОРЕНА НАУКА

**Член 20**

Авторите ги задржуваат авторските права, во согласност со политиката на Бизнис академија Смилевски – БАС и применливите законски прописи.

## XI. ПУБЛИКАЦИЈА И ВИДЛИВОСТ

**Член 21**

(1) По завршување на конференцијата се издава зборник на трудови со меѓународен стандарден број (ISBN) и електронска верзија.
(2) За трудовите се обезбедуваат податоци на англиски јазик заради нивна поголема достапност и видливост.
(3) БАС презема активности за индексирање и зголемување на видливоста на објавените трудови.

## XII. АРХИВИРАЊЕ И НАДЗОР

**Член 22**

(1) За конференцијата се води интерна архива која содржи повици, трудови, рецензии, одлуки и друга релевантна документација.
(2) Надзор над примената на овој правилник врши Наставничкиот совет на БАС.

## XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, постапките за рецензија, етика и обезбедување квалитет при организирањето на научните конференции се уредуваат согласно одредбите на овој правилник.

**Член 24**

Овој правилник стапува на сила со денот на неговото донесување од страна на Основачите на БАС, врз основа на Предлог Правилник усвоен од страна на Наставничкиот совет на БАС.